24.01.2017г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на приватното училиште "Јахја Кемал" Скопје, за текстот со наслов "Кара: ФЕТО не е опасност само за безбедноста на Турција", објавен на 20.12.2016, на Интернет порталот на Агенција Анадолија (www.aa.com.tr)**

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Текстот е професионален, етички и испочитувани се професионалните стандарди**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 28.12.2016 година, приватното училиште "Јахја Кемал" Скопје поднесе жалба за за текстот со наслов "Кара: ФЕТО не е опасност само за безбедноста на Турција", објавен на 20.12.2016, на Интернет порталот на Агенција Анадолија (www.aa.com.tr).

Во жалбата се наведува дека во текстот има елементи на говор на омраза и клевета и се наведува изјавата "Ја користам оваа прилика да му се обратам на целиот македонски народ. Што може да направи ФЕТО виде целиот свет. Оваа терористичка организација е причина за смртта на повеќе од 250 лица во Турција за време на обидот за државен удар, а сега го уби и амбасадорот на Русија. Затоа сакам да кажам дека со запишувањето на вашите деца во училиштата во кои се прави терористичка пропаганда на омраза, вие вршите директно финансирање на теророт. Не дозволувајте ФЕТО да им нанесе штета на придобивките на Македонија".

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е НЕОСНОВАНА.

***

На седницата на 16.01.2017 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и направи увид во наведениот текст.

Комисијата заклучи дека во спорниот текст само се пренесува изјавата на Амбасадорката на Република Турција во Македонија без притоа да има мешање на факти и мислења. Комисијата најде дека должност на медиумите е да пренесуваат изјави на официјални претставници и дека жалителот, односно училиштето "Јахја Кемал", не е споменат никаде во текстот.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Беким Ајдини, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски и Мери Јордановска.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595